**20161974461**

## КОЛЕКТИВНИ ДОГОВОРИ

Врз основа на член 203 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15 и 27/16) и согласно член 5 од Општиот колективен договор за јавниот сектор на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 10/08 и 85/09), Министерството за внатрешни работи и Македонскиот полициски синдикат, склучија

## КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА КОЛЕКТИВНИОТ ДОГОВОР НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Член 1

Во Колективниот договор на Министерството за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 69/15, 227/15 и 177/16) членот 98 се менува и гласи:

„Член 98

(1) Во организациските единици на Министерството каде работата од страна на работникот се извршува со непрекинат престој во одредени издвоени објекти на Министерството подолго од 24 часа, работењето се организира на начин што работното време е во траење од најмалку 12 часа редовна работа и 12 часа платен одмор на работникот во објектот. Платениот одмор се смета за дел од работното време и се евидентира во службената документација на организациските единици.

(2) За секои 24 часа непрекинат престој во објектот на работникот од ставот (1) на овој член, му следува одмор од 72 часа (три дена), кој се користи непосредно по завршување на престојот во објектот.

(3) Издвоените објекти на организациските единици од ставот (1) на овој член, се утврдени во правилникот од член 97 ставот (3) од овој колективен договор.

(4) Евидентирањето на работните часови од овој член се врши согласно посебниот интерен акт од членот 173 од овој колективен договор.“

Член 2

Овој колективен договор се регистрира во министерството надлежно за работите во областа на трудот, а се објавува во „Службен весник на Република Македонија“.

Член 3

Овој колективен договор влегува во сила со денот на склучувањето, а ќе се применува од денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Македонија“.

Македонски
полициски синдикат
Претседател,
**Тихомир Климоски,** с.р.

Бр. 0101-534/1
14 октомври 2016 година
Скопје

Министерство
за внатрешни работи
Министер,
**Оливер Спасовски**, с.р.

Бр. 13.1-65651/1
17 октомври 2016 година
Скопје